**Извештај за извршени редовни/вонредни инспекциски надзори во период од 16.12.2019 –23.12.2019г. како резултат на засиленото инспекторирање поради загадувањето на воздухот.**

**Активностите се координирани од заменик претседателот на Владата Оливер Спасовски, министерот за животна средина и просторно планирање Насер Нуредини и посебниот советник за животна средина и просторно планирање од Канцеларија на Претседателот на Владата на РС. Македонија Драган Јованов.**

Засиленото инспекторирање од страна на службите продолжи и во континуитет се спроведува низ целата држава.

## ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Државниот инспекторат за животна средина континуирано продолжува со работа во согласност со Годишната програма за работа. Се до завршување на грејната сезона посебен акцент ќе се стави на засилена контрола на индустриските капацитети кои поседуваат А-интегрирана дозвола.

## ГРАД СКОПЈЕ

Во континуитет се спроведуваат засилени контроли, во функција е посебен дежурен број за пријавување на дејствија (193), и на ФБ порталот на инспекторатот на Град Скопје отворен ФБ канал за пријавување на проблем, со точни упатства како тоа да се направи. Подетални извештаи можете да најдете на следниот линк: https://www.facebook.com/inspektoratgradskopje/ .
Исто така извештаиите се доставуваат секојдневно.

Наодите при инспекторирањето се следните: Палење на отворено во ул. Орце Николов при пристигнување огнот беше изгаснат, интервенцијата е врз основа на повик од бројот 193 по пријава од граѓанин во 19:50 часот (непознати сторители); Палење смет на отворено во напуштено диво ромско живеалиште на Подкале - интервенцијата е врз основа на повик од бројот 193 по пријава од граѓанин во 15.50 часот (непознати сторители); Горење палети за затоплување на ул.Максут Садик; Палење на кабли на јавна површина- пријава на дежурниот број 193 за оган на отворено кај Американска Амбасада – Изречена мандатна казна по закон за комунални дејности; При обиколка Кванташки пазар Скопје двајца продавачи имаа запалено оган и им е изречена глоба од по 200евра; На ул. Милан Марковиќ странката е опомената копристење јаглен при затоплување.

## ТЕТОВО

Во општина Тетово се вршат засилени контроли во две смени. Во целиот период интензивно се контролирани локации со можни извори на загадување. Наоди: Забележано е несоодветно согорување од котлите во приватни куќи, при што видливо бил забележителен темен чад од оџаците. Укажано им беше на сопствениците да преземат мерки за надминување на констатираните недостатоци.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

На ден 16.12.2019 (понеделник) во период од 8 до 22 часот, во две смени комуналниот инспектор со комуналните редари, инспекторот за животна средина и полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори на територија на Општина Гази Баба во дивата депонија Вардариште, Кванташки пазар, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница, Маџари, Хиподром, Скопско поле, Трубарево Јурумлери Колонија до Дрма.

Обиколка е направена и во н.м Стајковци, Цршево, Брњарци, Смилковци Булачани,Раштак, Булачани до Виниче.

Во моментот на увид нема забележано депонирање, спалување на отпад и спалување на смет во контејнери, но се чувствуваше значително загаден воздухот во попладневните часови особено во период од 16 до 22 часот. Беа забележани оџаци во повеќе населени места што испуштаат црн чад, но поради ограничените надлежности не е интервенирано

На ден 17.12.2019 (вторник ) во период од 08 до 22 часот, во две смени, комуналниот инспектор со комунален редар, инспекторот за животна средина и полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори на територија на Општина Гази Баба во населените места Ченто, Стајковци, Економија, Брњарци, Цршево, Смилковско езеро депонијата, Раштак, Булачани и Виниче.

Во моментот на увид нема забележано депонирање, спалување на отпад и спалување на смет во контејнери.

На ден 18.12.2019 (среда ) во период од 08 до 22 часот, (во две смени), комуналниот инспектор со комунален редар и инспекторот за животна средина полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори на територија на Општина Гази Баба во населените места Автокоманда, Ченто, Стајковци, Брњарци, Цршево , Смилковци, Раштак, Булачани.

Обиколка беше направена во дивата депонија Вардариште, Кванташки пазар, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница, Маџари, Хиподром, Скопско поле, Трубарево Јурумлери Колонија до Дрма.

Поминати се сите улици на територија на Општина Гази Баба.

Во моментот на увид нема забележано депонирање, спалување на отпад и спалување на смет во контејнери, но се чувствуваше значително загаден воздухот во попладневните часови особено во период од 19 до 22 часот. Беа забележани оџаци во повеќе населени места што испуштаат црн чад, но поради ограничените надлежности не е интервенирано

На ден 19.12.2019 (четврток ) во период од 8 до 22 часот, во две смени комуналниот инспектор со комуналните редари, инспекторот за животна средина и полициски службеник извршија вонредни инспекциски надзори на територија на Општина Гази Баба во дивата депонија Вардариште, Кванташки пазар, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница, Маџари, Хиподром, Скопско поле, Трубарево Јурумлери Колонија до Дрма.

Обиколка е направена и во н.м Стајковци, Црешево, Брњарци, Смилковци Булачани,Раштак, Булачани до Виниче.

Во моментот на увид нема забележано депонирање, спалување на отпад и спалување на смет во контејнери, но се чувствуваше значително загаден воздухот во попладневните часови особено во период од 16 до 22 часот. Беа забележани оџаци во повеќе населени места што испуштаат црн чад, но поради ограничените надлежности не е интервенирано.

На ден 20.12.2019 (петок) комуналниот инспектор и комуналните редари на територија на Општина Гази Баба извршија вонредни инспекциски надзори на критичните точки во Општината како што се дива депонија на гробишта Камник, Сепарацијата Јурумлери, покрај автопатот во Инџиково, кејот на р.Вардар во н.Ќерамидница и депонија Вардариште.

Во моментот на увид нема забележано спалување на отпад. Инспекциските служби на Општина Гази Баба ќе продолжат континуирано да вршат инспекциски надзори и превентивно да делуваат согласно своите законски надлежности.

## ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Согласно одржаната координативна седница во Владата на Република Северна Македонија, посветена на борбата против аерозагадувањето, заради алармантна состојба со загадувањето на воздухот, а со цел превземање на итни интервентни акции на Ваше барање Ви доставуваме дневни извештаи за период од 13.12.-18.12.2019 година од извршените редовни контроли на подрачјето на општина Илинден од страна на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат при општина Илинден за превземените активности:

1. Тимовите ги вршеа контролите без присуство на полициски службеник;
2. При вршење на контролите не е утврдено палење на стрништа, ѓубришта и друг вид на отпад на отворени простори;